Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 30.03.2022

На 29.03.2022 во 16.00 часот од страна на полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Гази Баба и од Единицата за недозволена трговија лишен од слобода е Б.К.(31) од Скопје. Имено, при претрес на дом на подрачјето на Гази Баба, кој го користел Б.К., извршен со наредба од судија на претходна постапка од Кривичен суд Скопје, пронајдени се предмети кои потекнуваат од кривични дела, и тоа: два лаптопи, фалсификувана патна словенечка исправа на име М.К., фалсификувана бугарска возачка дозвола на име В.В., два куршуми пиштолска муниција, две дигитални ваги, две кесички бела прашкаста материја. Б.К. е приведен во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.03.2022 околу 04.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од ЕВР Карпош ги лишиле од слобода В.Ѓ.(43) и Н.Т.(31), двајцата од Скопје, поради сомнение дека се сторители на кривични дела тешки кражби. При преглед во возилото „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, биле пронајдени повеќе предмети погодни за извршување на кривичните дела. Додека при претрес во домот на В.Ѓ., извршен со судска наредба, од полициски службеници од ЕВР Карпош и Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, биле пронајдени и одземени повеќе од 600 грама амфетамин и предмети за кои постои сомнение дека се поврзани со кривични дела тешки кражби. Исто така, при претрес во домот каде престојува Н.Т., извршен со судска наредба, биле пронајдени предмети поврзани со кривично дело. Двајцата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајте против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

ЕВР Гази Баба – СВР Скопје расчисти пет кражби и лиши од слобода три лица од скопско. На 28.03.2022 околу 21.30 часот, полициски службеници од ЕВР Гази Баба ги лишиле од слобода М.Г.(21), Б.Т.(21) и З.Н.(22), сите од с.Огњанци, скопско. Тие биле затекнати како во возило „фиат браво", со скопски регистарски ознаки, превезуваат предмети од кривични дела. Лицата биле задржани во полициска станица и во службен разговор признале пет тешки кражби кои ги сториле во февруари и март на 2022 година во викенд куќи во селата Катланово и Бадар. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 29.03.2022, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода С.И.(25) од Свети Николе поради основи на сомнение дека во 16.00 часот од куќа во с.Преод, сопственост на В.Т.(69) од Велес, одзел разновидни предмети. Украдените предмети се пронајдени и ќе бидат вратени на сопственикот. По комплетирање на случајот против С.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.03.2022, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.А(46) од Велес. Тој бил баран поради бегство од Казнено-поправната установа затвор Идризово-Оделение Велес за доиздржување на казна затвор. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 30.03.2022 околу 03.45 часот на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар од слобода бил лишен 39-годишниот Л.С. од гостиварско Чегране поради сомнение дека претходно, со употреба на сила и алат, се обидел да изврши тешка кражба во маркет во близина на градскиот фудбалски стадион. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 29.03.2022 во 22.45 часот на кеј „Димитар Влахов", полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.С.(20) од Скопје и М.П.(21) од Струмица затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.03.2022 во 15.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.П.(23) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени марихуана и ризла. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.03.2022 во 18.00 часот на кеј „13-ти Ноември", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(43) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 41 прекршоци, од кои 35 надвор од населено место и 6 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 33 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 1 за непропишо престигнување, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 3 за некористење заштитна кацига и 8 непропишо паркирање.

На 29.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 33 возачи, од кои 9 на територија на Ресен, 10 на територија на Битола, 8 во Прилеп и 6 во Демир Хисар.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (29 март) од 14 до 19 часот спровеле акциска контроли за санкционирање на возачите кои не ги почитуваат нивните обврски кон пешаците. При контролата откриени се вкупно 28 прекршоци (ТЕ-22 и ГВ-6). Најголемиот број од прекршоците (ТЕ-21) се однесувале на непропуштање на пешаците на обележани пешачки премини. Во оваа контрола, исто така, откриени и санкционирани се и 40 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-39 и ГВ-1).

На 30.03.2022 во ОВР Кавадарци било пријавено дека на регионалниот пат Росоман-Кавадарци се случила сообраќајна несреќа помеѓу комбе со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Т.(27) од Скопје и трактор со кавадречки регистарски ознаки, управуван од Н.Т.(69) од Росоман. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобили двајцата возачи, констатирани во Општа болница Кавадарци. Извршен бил увид од екипа од ОВР Кавадарци.

Денеска (30.03.2022) во Битола, полициски службеници од Полициска станица Битола го лишиле од слобода Ј.Т.(34) од Битола, кој бил баран со потерница од Основен суд Битола за издржување казна затвор во траење од една година и шест месеци за извршени тешки кражби на подрачјето на Битола по член 236 од Кривичниот законик. Ј.Т. бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 29.03.2022 во периодот од 07 до 18.00 часот, полициски службеници од СВР Битола, Надворешна канцеларија за криминалистички работи Прилеп и Полициска станица Прилеп извршија засилени контроли на повеќе локации во Прилеп за откривање на случаи на бесправно сечење огревни дрва. Притоа, во повеќе возила биле пронајдени и одземени околу 11 метри кубни огревни дрва, кои биле предадени на Шумската полиција за понатамошна постапка, а лицата кои ги управувале биле лишени од слобода и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава. На патниот правец Плетвар - с.Царевиц биле затекнати четири патнички возила натоварени со бесправно исечени огревни дрва и тоа: патничко возило „фолксваген поло" со прилепски регистарски ознаки, управувано од В.С.(35) од Прилеп, а сопатник бил Т.Р.(32) од Прилеп, патничко возило „опел астра" со охридски регистарски ознаки, управувано од В.Р.(45) од Прилеп, патничко возило „сеат толедо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(47) од Прилеп и патничко возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од А.П.(45) од Прилеп. На патот кон Вештачкото езеро, во близина на с.Дервен, биле пронајдени две оставени возила „лада нива", од кои едното било натоварено со дрва. Над манастирот Св.Ѓорѓи биле пронајдени и подигнати бесправно исечени огревни дрва, додека на место викано „Борила" и место викано „Леково" биле пронајдени две, односно четири запрежни возила натоварени со огревни дрва.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против В.Р.(58) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" по член 247 став 3 во врска со став 7 од Кривичниот законик. Во текот на јули 2019 година пријавениот се обидел да ги доведе во заблуда одговорните лица во осигурителна компанија во Скопје. Во сврзоста на осигурениот/договарач на полиса за каско осигурување на неговото патничко возило „ауди а4", поднел барање за надомест на штета од наводна сообраќајна несреќа со возилото, која, според неговото тврдење, се случила на територијата на Република Албанија во истиот месец и во прилог на барањето приложил документација со изјава наводно издадена од овластени лица од МВР на Република Албанија. По преземени мерки било утврдено дека на наведениот ден нема заведена сообраќајна несреќа во Република Албанија и на тој начин пријавениот се обидел да ги доведе во заблуда одговорните лица во осигурителната компанија да му исплатат надомест на штета во износ од 924.423 денари.

На 29.03.2022 година во 16.44 часот во СВР Струмица било пријавено дека во село Конче, радовишко, настанал пожар во куќата на П.В.(52), при што починал неговиот татко В.В.(78). Пожарот бил изгаснат од жители на селото, а увид на местото извршиле Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Радовиш и екипа на ОВР Радовиш. Телото на починатиот било предадено на семејството.

На 29.03.2022 во 20.00 часот во Полициска станица Центар, Х.И.(40) од Скопје пријавил дека во 14.30 часот на автобуска постојка во близина на Градската општа болница „Св.Наум Охридски" неговиот син, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.03.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Центар, Т.М.(40) од Скопје пријавил дека во 13.00 часот во угостителски објект на подрачје на Центар бил физички нападнат од И.С.(60) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 29.03.2022 во 19.45 часот во Полициската станица Бит Пазар, Ѓ.Б.(47) од Скопје пријавила дека околу 15.30 часот на територија на населба Чаир малолетник со закана со остар предмет одзел пари од нејзиниот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.03.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, 45-годишен жител на Скопје пријавил дека на 25.03.2022 на паркинг на подрачје на Аеродром, А.О.(19) упатил закани со остар предмет кон неговата ќерка, со која од порано се познавале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 29.03.2022 во 12.31 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Х.Б.(48) од с.Кондово, скопско, пријавил дека на 28.03.2022 околу 23.20 часот во близина на трговски центар во Сарај, Е.Е. и Е.Е., двајцата од с.Арнакија, физички го нападнале и му се заканувале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.03.2022 во 11.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека во водите на реката Вардар, под мостот кај Кванташки пазар, било забележано човечко тело. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено на одбукција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.03.2022 во 13.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП на бул.„Кузман Јосифовски Питу" едно лице со закана одзело мобилен телефон од малолетник од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет